# ЗАПИСНИК

од 27-ма седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
Скопје, 4 април, 2025 г.

Присутни:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина  Македонски Брод), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Лидија Ланг, општина Куманово, претставник на работна група.

Дискусија:

Членовите на Управниот одбор го усвоија следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Присуство на Министерот за внатрешни работи, г-дин Панче Тошковски, дискусија за заеднички активности на МВР и локалната самоуправа, поврзани со заштита и спасување во претстојниот период на летни денови и очекувани пожари;

2. Разгледување на заклучоците на работната група задолжена од Управниот одбор на ЗЕЛС да изготви Предлог - Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општината од аспект на заштитата од пожари и други непогоди на објектите кои вршат угостителска дејност.

3. Разно

***

**ПРВА ТОЧКА:** Присуство на Министерот за внатрешни работи, г-дин Панче Тошковски, дискусија за заеднички активности на МВР и локалната

самоуправа, поврзани со заштита и спасување во претстојниот период на летни денови и очекувани пожари;

Министерот за внатрешни работи им се обрати на присутните со укажување дека Владата е подготвена да се преземат сите потребни мерки, да се обезбедат дополнителни финансиски средства во рамки на можностите и да се направи изменување на законската регулатива за да може да се надминат состојбите во областа на противпожарната заштита. За таа цел се очекува проактивен однос од страна на ЗЕЛС и општините, заради што е потребно да се обезбедат податоци кои ќе бидат од голема корист во превенцијата на пожарите. Целта на неговото присуство беше рана превенција од пожари и подигање на степенот на подготвеност на сите противпожарни единици во нашата држава, заради што беше најавена и реформа на линиските органи на управа заради сложениот систем на функционирање како што се Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, оспособување на авионите со кои располагаме, ангажирање на пилоти кои недостигаа, обезбедување на командна одговорност, подобрување на функцијата и зголемување на надлежноста на кризните штабови итн.

Останатите присутни отворија дискусија за несоодветниот број на пожарникари, за несоодветната опрема која се распределува по општини (со оглед на конфигурацијата на теренот на секоја општина), а стана збор и за потребата од евидентирање на сите расположливи природни и вештачки резервоари на вода на отворено, заради поефикасно снабдување со вода при гаснење (на пр. приватни резервоари за вода кои може да се искористат веднаш и се во близина на жариштата за да се намали времето на дотур со нови количини).

За таа цел, Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Заклучок со кој од општините се бара ди ги достават потребни податоци кои ќе бидат соодветно обработени во функција на зголемена ефикасност и превенција.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС бара од општините да ги достават потребните податоци (кои ќе бидат доставени до Управувачкиот комитет за справување со пожари и други непогоди формиран од Владата) и тоа:

1. Кризни штабови во секоја општина да одржат своја седница и да констатираат каква е состојбата и кои се утврдени потреби и недостатоци за единиците да одговорат адекватно во случај на пожари (прогнозите за оваа година се дека се очекуваат високи температури а оттука поголем број пожари).
2. До ЗЕЛС да се достави информација за состојбите со човечки и технички капацитети, како и да се наведе се што е потребно а недостасува во однос на кадар и опрема.

3. Општините да преземат активности на проверка и чистење на сите канали и речни корита, заради можност за поголем проток на вода во следниот период.

4. Да се детектираат можните точки за избивање на пожар и на тие места да се детектираат постојни резервоари на вода (природни, вештачки, приватни) или да се постават цистерни со вода.

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на заклучоците на работната група задолжена од Управниот одбор на ЗЕЛС да изготви Предлог - Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општината од аспект на заштитата од пожари и други непогоди на објектите кои вршат угостителска дејност.

Управниот одбор со посебна Одлука донесена на претходната 26-та седница формираше работна група за изготвување Предлог - Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општината од аспект на заштитата од пожари и други непогоди на објектите кои вршат угостителска дејност. Во работната група покрај претставници на повеќе општини, вклучени се и претставници од Министерството за транспорт.
Работната група го одржа својот прв состанок и на истиот донесе заклучок со кој на Управниот одбор му предлага во претстојниот период да се изготви акт со кој е се пропише постапката на донесување на Решение за поставување на урбана опрема, да се утврдат стандардите за поставување на истата, висината на надоместоците а се предложи и постапката да се одвива на електронски начин. Постапката би се спроведувала на електронски начин и за тоа соодветно би се надградил електронскиот систем е-одобрение за градење. За оваа цел би бил утврден предлог за изменување и дополнување на Законот за градење па преку посебна одредба да се даде можност овие прашања да се уредат со правилник. Работната група треба да излезе и со предлог од кога би се применувале новите нормативи.

Управниот одбор отвори дискусија и заклучи дека за да може да се продолжи со работа, за што тековно Управниот одбор би бил известуван, потребно е да се направи консултативен разговор со Министерот за транспорт заради што ќе биде формирана делегација од неколку члена од Управниот одбор кој ќе разговара во врска со ова прашање во Министерството.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Заклучок со кој формира делегација од неколку членови на Управниот одбор кои ќе остварат средба со Министерот за транспорт и ќе го образложат концептот, по што ова прашање ќе биде усогласено и со Министерството и ќе може да се продолжи со работа во иста насока како и до сега.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Одлука за усогласување на висината на платите на вработените во ЗЕЛС**

На предлог на Извршниот директор, беше предложено Управниот одбор да донесе Одлука за усогласување на висината на платите на вработените во стручната служба на ЗЕЛС со платите на јавните службеници.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за усогласување на висината на платите на стручната служба на ЗЕЛС со платите на јавните службеници, односно истата да биде зголемена за 5000 денари линеарно.

2. **Дискусија во однос на финансиската состојба на јавните претпријатија основани од општините со оглед на нивната обврска за зголемување на платите на вработените.**

Управниот одбор отвори дискусија за финансиската положба во која се наоѓаат јавните претпријатија основани од општините заради обврската за исплата на зголемени плати, заради што е потребна финансиска помош од државата. Кон ова беше отворен и проблемот со различната висина на платите на ниво на различни општини, односно исти звања и иста одговорност и обврски, платата во една општина изнесува речиси за една третина повисока од соседната. Овие дискрепанци мора да се надминат преку донесување на прописи со кои платата на државните и локалните службеници ќе биде идентична и во сите општини.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе Заклучок со кој формираше делегација од неколку членови на Управниот одбор кои треба да остварат средба со Министерот за финансии заради потребната помош на јавните претпријатија поврзана со обврската за исплата на повисоки плати на вработените како и заради барањето за воедначување на платите по звања и работно искуство помеѓу државните и локалните службеници во сите општини.

**Скопје, 4 април, 2025 г.**

**Составил:**
**Стручна служба на ЗЕЛС**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**